Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 55, 1 март 2011 година

март 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област наука за управата на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници (во звање асистент) за наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО- ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2802-77/16 од 21.12.2010 год., донесена на 28. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 21.12.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден ***наставник*** од научната област ***дизајнирање на текстил и облека*** на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник” на 18.11.2010 година и во предвидениот рок се пријавиле кандидатите: доц. д-р Донка Барџиева-Трајковска, доктор по историски науки, вработена како визитинг професор по група предмети од областа *историја на дизајн* на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет во Скопје, Р. Македонија и м-р Ѓоко Антониев - магистер на ликовни уметности.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Донка Барџиева-Трајковска** е родена во 1953 година во Скопје. Во 1977 година дипломира на Филозофскиот факултет – Катедра за историја на уметноста со археологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ и се стекнува со звање – **професор по историја на уметност и археологија**. Во 1996 година се стекнува со звање **магистер по историја на уметност**, со одбрана на трудот „*Иконографската програма на нартексот во Лесновскиот манастир Св. Архангел Михаил*“ на Катедрата за историја на уметност со археологија при Филозофскиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (ментор проф. д-р Цветан Грозданов). Во 2004 година се стекнува со звање **доктор на науки** со одбрана на докторската теза под наслов „*Историските прилики во Византија во 11 и 12 век и нивниот одраз на живописот во црквата Св. Пантелејмон во Нерези*“ на Институтот за национална историја – Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ (ментор проф. д-р Коста Балабанов).

***Работно искуство***

Од 1978 до 2006 година работи во Републичкиот завод за заштита на споменици на културата како референт за заштита на средновековни споменици на културата и врши повеќе раководни функции:

– од 1994 до 1998 година, главен конзерватор за идентификација и валоризација на културното наследство;
– од 1999 до 2001 година, в.д. директор на Републичкиот завод за заштита на споменици на културата.

Добитник е на два меѓународни грантови од World Monuments Fund - New York, за истражување и конзервација на пештерната црква *Архангел Михаил*, Радожда (2003) и на црквата *Св. Богородица* – Сливнички манастир, Преспа (2004).

Од 1 октомври 2006 година работи како наставник по група предмети од областа *историјата на дизајнот* на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Република Македонија, Скопје.

Од ноември 2006 до октомври 2010 година ја извршува функцијата декан на Факултутетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Република Македонија.

Од октомври 2010 година до денес работи како визитинг професор на истиот Факултет по предметите: Историја на дизајн 1 и 2 (прв циклус на студии), Историја на уметност 1 и 2 (прв и втор циклус на студии 3+2), Историја на костим (прв и втор циклус на студии), Стилови во ентериер (прв и втор циклус на студии).

Во текот на петгодишниот ангажман како професор на Факултетот за арт и дизајн е ментор на пет дипломски работи на првата генерација студенти од насоката Моден дизајн. Ментор е на пет кандидати од првата и втората генерација на постдипломските студии на насоките Моден дизајн и Графички дизајн, од кои четири ги одбранија магистерските трудови во 2010 година. Од 2009 година е ментор на две кандидатки кои изработуваат докторски тези од обласа на истражување и конзервација на културното наследство (пријавени докторски тези).

Како декан на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет организира и координира годишни изложби на студентите, учество на две модни недели (во 2007 и 2010 год.), бројни промотивни кампањи, работилници и трибини.

***Список на објавени трудови (2000-2010)***

***Универзитетски учебници, авторизирани предавања и монографии:***

1. Историја на дизајн 1, Скопје: Европски универзитет-Република Македонија, 2009 (високошколски учебник);
2. Историја на дизајн 2, Скопје: Европски универзитет-Република Македонија, 2008 (авторизирани предавања);
3. Стилови во ентериер, Скопје: Европски универзитет-Република Македонија, 2008 (авторизирани предавања);
4. Историја на костим, Скопје: Европски универзитет – Република Македонија, 2008 (авторизирани предавања);
5. Историја на дизајн 1, Скопје: Европски универзитет – Република Македонија, 2007 (авторизирани предавања);
6. Church Holy Mother of God-Slivnica Monastery-Analysis and initial Conservation of the Frsco Painting, Makedonida Association for Heritage Education, Protection and Valorization, sponsored by the WORLD MONUMENTS FUND, Skopje 2005 (стручна монографија);
7. Црква Св.Пантелејмон - Нерези (живопис), СИГМАПРЕС, Скопје 2004 (монографија на македонски и англиски јазик-посебни изданија);
8. Cave Church Archangel Michael-Radozda-Пештерна Црква Архангел Михаил – Радожда, Републички завод за заштита на споменици на културата, sponsored by World Monuments Fund,Skopje 2003 (стручна монографија).

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:***

Феноменот на скандинавскиот модернизам, Зборник - Годишник на трудови на Европски универзитет - Република Македонија, 2009,стр.200-216.

***Печатени трудови со оригинални научни резултати:***

Donka Bardzieva - Trajkovska, *New Elements of the Painted Program in the Narthex at Nerezi*, Зограф 29, Београд 2002-2003, стр.35-46.

Познавање на странски јазици: англиски - одлично - VII степен за возрасни - ниво Б2-1 според Заедничката европска рамка (CEFR).

Доставени документи: диплома за одбранет докторски труд, уверение за државјанство, потврда за познавање на англиски јазик, копија од објавените научни и стручни трудови, кратка професионална биографија, рецензија за избор во наставно-научно звање - доцент и одлука за избор во доцент на ЕУРМ.

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Донка Барџиева-Трајковска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 5 | 1 | **5** |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 5 | 0,2 | **1** |
| Ментор на одбранета магистерска работа | 4 | 3 | **12** |
| **Рецензирани учебници:**<br>1. Историја на дизајн 1<br>Рецензенти:<br>проф. д-р Кокан Грчев<br>доц. д-р Мирче Кокалевски | 1 | 15 | **15** |
| **Авторизирани учебници -** позитивно рецензирани скрипти од предавања, збирка задачи и практикум**:**<br>1. Историја на дизајн 1<br>2. Историја на дизајн 1<br>3. Историја на костим<br>4. Стилови во ентериер | 4 | 8 | **32** |
| Предавања по предметите: Историја на дизајн 1 и 2, Историја на уметност 1 и 2, Историја на костим, Стилови во ентериер | 11<br><br>5 | 1,5<br><br>1 | **16,5**<br><br>**5** |
| Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 3 | 3 | **9** |
| **Научноистражувачка (НИ) и Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Монографија или научна книга**<br>Црква *Св.Пантелејмон* - Нерези (живопис), СИГМАПРЕС, Скопје 2004 (монографија на македонски и англиски јазик - посебни изданија) | 1 | 10 | **10** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (**1** во земјава/ **0** во странство) | 1 | 1/2 | **1** |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 9/6/3 | **3** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Член на организационен или програмски одбор:<br>- организатор и учесник на 8-годишни изложби | 8 | 1 | **8** |
| Декан | **12** | | |
| Стручна монографија | 2 | 3 | **6** |
| **ВКУПНО** | **135,5** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно -научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- наставно-образовна (НО) = 95,5
- научноистажувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 14
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 26

Вкупно: НО + НИ + СУ + САОР = **135,5** поени.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Ѓоко Антониев** е роден на 11 април 1973 год. во Пробиштип, каде завршува основно и средно образование. Во 1997 год. дипломира на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, отсек Графика со графички дизајн. Магистрира на 15 мај 2009 год. на тема „*Илуминации*“ и се стекнува со научен степен *магистер по ликовни уметности* од областа графика.

***Работно искуство***

Работи како професор по ликовна уметност во СОУ „Наум Наумовски - Борче“ во Пробиштип. Од 1998 год. е член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ).

***Самостојни ликовни изложби***

– 1995 год. - Прва самостојна ликовна изложба - Дом на култура „Злетовски рудар“ - Пробиштип;
– 1997 год. - Втора самостојна ликовна изложба - Пробиштип;
– 1998 год. - Трета самостојна ликовна изложба - Дом на култура „Бели мугри“ - Кочани;
– 1999 год. - Четврта самостојна ликовна изложба - АРМ Илинден - Скопје;
– 2007 год. - Петта самостојна ликовна изложба - Берово;
– 2009 год. - Шеста самостојна ликовна изложба - Рудници за олово и цинк „Злетово“ – Пробиштип.

***Групни изложби***

– 1996 год. - Факултет за ликовна уметност - Скопје;
– 1997 год. - Дом на култура - Штип;
– 1999 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2001 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2003 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2004 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2005 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2006 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2007 год. ДЛУМ - Скопје;
– 2001 CITE INTERNATIONALE DES ARTS, PARIS

**Ликовни колонии**

– 1992 - 1998 год. - Организатор на Меѓународната ликовна колонија „Лесново“ - Пробиштип;
– 1998 год. - Ликовна колонија - Маврово - Гостивар;
– 1999 год. - Ликовна колонија брзо сликање - акварел - Прилеп;
– 1999 год. - Ликовна колонија Лесново;
– 2000 год. - Ликовна колонија - Маврово - Гостивар;
– 2001 год. - Ликовна колонија - Ѓуриште - Свети Николе;
– 2001 год. - Ликовна колонија - Велес;
– 2003 год. -Гграфичка ликовна колонија - Берово;
– 2003 год. - Ликовна колонија - Велес;
– 2004 год. - Ликовна колонија - Лесново;
– 2004 год. - Ликовна колонија - Ѓуриште - Свети Николе;
– 2005-2006 год. - Ликовна колонија - Лесново;
– 2006 год. - Ликовна колонија - Лесново;
– 2006 год. - Ликовна колонија - Берово;
– 2007 год. - Ликовна колонија - Лесново;
– 2008 год. - Ликовна колонија - Гевгелија;
– 2008 год. - Ликовна колонија - Лесново;
– 2008 год. - Ликовна колонија - Папрадиште - Велес;

– 2009 год. - Ликовна колонија - Лесново;
– 2009 год. - Ликовна колонија - Ѓуриште - Свети Николе.

Во мај 2000 г. - Добитник на големата графичка награда ДЛУМ 2000.

***Проекти***

Сликање на фрески и икони во црквата „Св. Илија“ во Пробиштип.

***Обуки***

Во мај 2009 год. - Обука во рамките на професионалното усовршување на наставниците во средните училишта на Р. Македонија, на тема: *Примената на ЕДУБУНТУ образовниот софтвер во наставата*;

Во февруари 2008 год. - Обука во рамките на *Проектот за модернизација на образованието;*

Во јануари и март 2008 год. - Обука „Improvment of School based Accessment“ - проект финансиран од УСАИД;

Во јуни 2006 год. - Обука организирана во рамките на проектот: *Активности во средното обтразование (СЕА)* - финансиран од УСАИД;

Во август 2006 год. - Обука „Integration of ICT into the Curriculum“ - проект финансиран од УСАИД;

Во 2002 год. престојува на Метеори (Грција) - за сликање фрески и икони.

Познавање на странски јазици: англиски - добро.

*Доставени документи*: диплома за магистер на ликовни уметности од областа графика, уверение за државјанство, уверение за познавање на англиски јазик, кратка професионална биографија и сертификати за посетуваните обуки.

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Ѓоко Антониев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Организатор на летна школа | 1 | 2 | **2** |
| **Научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| Член на организационен одбор | 25 | 1 | **25** |
| Самостојна ликовна изложба во земјава | 6 | 1,5 | **9** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник во проект (1 во земјава / 0 во странство) | 1 | 2/3 | **2** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Член на институтски орган, комисија:<br>Член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ). | 1 | 2 | **2** |
| Стручни награди и признанија | 1 | 4 | **4** |
| **ВКУПНО** | **48** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно -научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатот ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

– наставно-образовна (НО) = 2
– научноистажувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 40
– стручно-апликативна и организационо-развојна (САОР) = 6.

Вкупно: НО + НИ + СУ + САОР = 48 поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот **м-р Ѓоко Антониев не ги исполнува критериумите** за избор на наставник во насловно звање од наставно-научната област *дизајнирање на текстил и облека* на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бидејќи не го исполнува остварениот минимум поени (75 поени) кои се потребни за избор во наставно звање.

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната научна активност која е поврзана со областа *дизајнирање на текстил и облека,* кандидатот д-р Донка Барџиева-Трајковска ги исполнува критериумите за избор за наставник во насловно звање. Таа покажува способност за наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ), стручно-уметничка (СУ) активност, стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа далеку го надминува потребниот квантум за да биде избрана во наставно звање (135,5 поени).

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката д-р Донка Барџиева - Трајковска да биде избрана за наставник во звање** ***насловен доцент*** **за наставно-научната област** ***дизајнирање на текстил и облека.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Винета Сребренкоска, доцент, с.р.**
**Д-р Соња Ќортошева, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Горан Дембоски, вонреден професор, с.р.**